### ВО РАМКИТЕ НА ПРОСЛАВАТА ЗА 20 ГОДИНИ РАДИО "БУБАМАРА"

# Еколошка акција и концерт за чисто Водно

Чисто и зелено Водно, голема забавна еколошка акција по повод 20 години на радиото "Бубамара". Скопското радио "Бубамара" ќе прослави 20 години постоење со еколошка акција, која ќе започне во сабота, 25 април, на Водно. Акцијата е под мотото "Чисто и зелено водно". Пораките што ги праќа радиото "Бубамара" со кампањата се "Не е време за на улица, време е за во - шума" и "Да го исчистиме ѓубрето од Водно".

"Сите граѓани што во наредните две недели ќе го посетат Водно, нека земат и ќесичка со себе, во која ќе можат да го собираат лесниот пластичен отпад и да го фрлаат во контејнерите, кои, во голем број, ќе бидат поставени во подножјето, на повеќе места на врвот и на патот на Средно Водно, во близина на секоја планинарска патека. Во акцијата може да се вклучат и голем број компании", ни изјави првиот човек на радиото "Бубамара" ,



*Акцијата ќе почне со мал еколошко-планинарски концерт, со големи музички ѕвезди.- Ранко Петровиќ, организаторот на акцијата*

Ранко Петровиќ, кој ни ја најави оваа акција, која ќе вклучи и садење на 40 дрвца и цветно паркче, кое ќе го направат музички ѕвезди од Македонија и од Балканот .

Акцијата ќе почне со мал еколошко-планинарски концерт, со големи музички ѕвезди.

**(М.Џ.)**

# Тони Зен со нов бенд "Флека"



*Фанк, џез, соул, блуз и хип-хоп е музичкиот правец на оваа група, која ќе се промовира пред публиката.- Тони Зен со колегите*

"Флека" е новиот бенд на раперот Тони Зен, кој е составен од 11-мина познати музичари. Тони Зен и Сиги од "Токсикологија" се вокали, Нино Васков, продуцентот на Тони Зен, е вокал и свири на гитара, Борче Кузмановски свири на клавијатури, Благоја Антовски на тапани, Гоги Полизов на бас, Анета и Гена Качуркова се придружни вокали, Александар Николовски е на труба, Борислав Веселинов на саксофон, Филип Стевановски на тромбон, а продукцијата што стои зад овој проект е "Стерео рекордс".

Фанк, џез, соул, блуз и хип-хоп е музичкиот правец на оваа група, која ќе се промовира пред публиката.

**(М.Џ.)**

# "Тајфата" ќе го промовира првиот албум

Утре во 12 часот, во ТЦЦ "Гранд плаза", "Тајфата" на виолинистот Никола Јанов-Коки ќе го промовира новиот албум. Албумот се вика "Еден пат за еден живот",



*Албумот е насловен според првиот сингл на "Тајфата", "Еден пат за еден живот"*

како првиот сингл на "Тајфата". Покрај новите песни, на албумот ќе се најде и преработката на темата "Пушти коси" од групата "Зијан", како и дуетот со фолк-ѕвездата Сузана Спасовска, "Едно мирно, топло лето".

**(А.Г.)**